

Адреса:  “Широк Сокак” 60; 7000 Битола; Македонија
Лиценца – “А” категорија;
тел: 047/228 185; факс: 047/203 008





# БУДВА

**1 ден (петок – 20.10.2017): БИТОЛА**

Состанок на групата на паркингот пред спортската сала „Младост“ во 22.30 часот. Поаѓање за Црна Гора во 23:00 часот. Патот води преку Охрид, Струга, г.п. Ќафасан, Елбасан, Драч, Тирана, Скадар, Бар... Ноќно и денско патување со попатни паузи и барински формалности.

**2 ден (сабота – 21.10.2017): БУДВА**

Пристигнување во Будва во утринските часови. Кратка пауза за разглед на Св. Стефан – најатрактивното и најмонденското летувалиште на Црногорското Приморје – време за фотографирање. Сместување во хотел. Слободно време за одмор и индивидуален разглед на Будва: стариот град, црвите св. Марија и св. Иван, шеталиштето, плоштадот, Словенска плажа... Вечерта, можност за организирана вечера. **Ноќевање.**

**3 ден (недела – 22.10.2017): БУДВА – ДУБРОВНИК**

**Појадок.** По појадокот – факултативна целодневна посета на Дубровник. Патот води преку Тиват, со траект. Пристигнување во Дубровник – бисерот на Јадранот, кој изобилува со исклучително богата туристичка понуда. Град на хотели, преубава околина и завиден еколошки стандард – привлечен во секое годишно време. Со самата прошетка низ “Страдун“, тесните улички и малите плоштади, монументалните ѕидини и тврдини, ќе се сретнете со илјада годишна убавина на неговото како во школка вовлечено урбано јадро. Разглед на стариот дел на градот: градскиот часовник, Орландовиот столб, Онофриевата чешма, Палтата Спонца, црквата Св. Влах – заштитникот на градот... Патувањето продолжува за Котор. Пристигнување во градот и разглед: Столбот на срамот и Катедралата Св. Трипун. Вечерта враќање во Будва. Слободно време. **Ноќевање**.

**4 ден (понеделник – 23.10.2017): БУДВА – ОСТРОГ – ПОДГОРИЦА – БИТОЛА**

**Појадок.** По појадокот, одјавување од хотелот и поаѓање кон манастирот Св. Василие Острошки. Пред пладне пристигнување во Острошкиот манастир и време за индивидуален разглед на бисерот на средновековното Православно Христијанство... вграден во самите стени, манастирот изгледа како да не е граден од човечки раце, туку повеќе како едно од чудата на Св. Василие... основан во 17ти век од Св. Василие, чии мошти се сметаат за чудотворни. Во попладневните часови посета на Подгорица. Во доцните попладневни часови планирано поаѓање за Битола.
Пристигнување во Битола во доцните вечерни часови.

## Цена на аранжманот: 4.580,00денари

**- Доплата за еднокреветна соба: 30% од износот на аранжманот**

**Цената на аранжманот вклучува:**

- Автобуски превоз на горенаведената релација,
- 2 НП во хотел со 3*во Будва
- Посета на Острошки Манастир и Подгорица
- организација, водство и реализација на аранжманот.

**Цената на аранжманот не вклучува:**

- Факултативни излети и посети,
- Влезници при посета на културно-историските споменици,
- Патничко осигурување

**Цени за факултативата:**

- Целодневна посета на Котор и Дубровник и разгледи со водич – 15 €

**Напомена:**За реализација на овој аранжман, потребен е **минимум од 40 патници,** во спротивно, крајниот рок за известување околу евентуален отказ на аранжманот е најкасно 5 дена пред датумот на поаѓање. Организаторот на патувањето го задржува правото за измена на редоследот на поедини содржини во програмата.